Асоцијација за развојни
иницијативи –ЗЕНИТ
Ѓуро Ѓаковиќ 72/2-16
1000 Скопје, Македонија
zenith@zenith.org.mk
www.zenith.org.mk

*07 јануари 2019 година*
*Скопје*

**До:** **Министерство за внатрешни работи**

**Предмет:** **Предлог на закон за Агенција за внатрешно разузнавање**

Почитувани,

Во продолжение ви доставуваме коментари на Предлогот на закон за Агенција за внатрешно разузнавање:

1. Надлежност за редовно известување на Претседателот, Премиерот

2. Со оглед на тоа дека Агенцијата се формира како независен орган, како и ниската доверба на јавноста во безбедносно-разузнавачките служби, подобро решение е директорот да го избира Собранието на Република Македонија наместо Владата, на предлог на Претседателот на Република Македонија, при што ќе се гради консензус помеѓу пратениците за соодветен кандидат, и ќе се врши консултација помеѓу парламентарните политички партии, Претседателот на Република Македонија и Владата.

   **Предлог**: Директорот да го избира Собранието на Република Македонија, на предлог на Претседателот на Република Македонија.

3. Условот директорот да има најмалку 15 години работно искуство на раководни позиции во областа на националната безбедност, разузнавање и контраразузнавање, создава опасност да бидат исклучени квалификувани лица кои не можеле да дојдат на раководни позиции од партиски причини, а во привилегирана позиција да бидат луѓе кои биле вклучени во злоупотребите на безбедносно-разузнавачките служби.

   **Предлог**: Да се отстрани условот за работно искуство на раководни позиции, и да се замени со работно искуство од најмалку 15 години работно искуство во областа на националната безбедност, разузнавање или контраразузнавање.

4. Предложениот член поврзан со Собирање службени податоци и информации од органите на државната власт, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа и другите правни лица создава голем ризик за неосновано нарушување

на приватноста на граѓаните и заштитата на нивните лични податоци, а притоа не се воспоставуваат заштитни механизми за заштита од злоупотреба личните податоци и неовластено користење и пристап до тие лични податоци.

**Предлог**: Да се дефинира кои услови треба да бидат исполнети за да се овозможи на Агенцијата пристап до личните податоци на некое лице (пр. изготвена безбедносна проценка, изготвена проценка за влијанието врз приватноста и издавање соодветна судска наредба во која ќе бидат наведени лицата и личните податоците до кои ќе се овозможи пристап), како и да се ограничи овластувањето за пристап до тесен круг на вработени во Агенцијата. Неопходно е и да се воспостави **централен** регистар во кој ќе се бележат сите случаи на пристап до личните податоци по овој основ, што ќе биде достапен за надзорните и контролните тела. Регистарот да вклучува и податоци за лицата од Агенцијата кои имале пристап до тие лични податоци, како и податоци за претходното одобрување на овој пристап од надлежен орган (пр. суд). Да се пропише постапка за претходното одобрување на овој пристап од надлежен орган и тоа за секое лице поединечно и за конкретна намена, а во постапката да биде почитуван принципот на пропорционалност, односно степенот на нарушување на приватноста и заштита на личните податоци на таргетираните граѓани да соодветствува на тежината на кривичните дела заради кои се иницира оваа мерка. Пристапот до личните податоци на конкретен граѓанин по овој основ да биде временски ограничен, а секое продолжување на рокот да изискува претходното одобрување од надлежен орган. Личните податоци стекнати на овој начин да можат да се користат само за намената за која е одобрен пристапот до нив, а законот да предвиди оперативно технички мерки за нивна заштита.

5. Одредбата за директен пристап на Агенцијата до метаподатоците, е во спротивност со членот 17 од Уставот (Амандман XIX) според кој неповредливоста на писмото и писмата и другите облици на комуникација може да се наруши само врз основа на одлука на суд.

   **Предлог**: Да се усогласи предлог актот со Уставот.

6. Предлог актот не дефинира начин за разрешување на директорот во случај на несоодветни резултати во работењето.

   **Предлози**: Да се воведе нов основ за престанок на функцијата – несоодветни резултати во работењето. Да се дефинира постапка за престанок на функцијата по овој основ.

7. Предложениот член поврзан со Следење и снимање на телефонски и други електронски комуникации со посебни технички уреди и опрема, без посредство на ОТА и операторите создава голем ризик за неосновано нарушување на приватноста на граѓаните и заштитата на нивните лични податоци, а притоа не се воспоставуваат соодветни заштитни механизми за заштита од злоупотреба личните податоци и неовластено користење и пристап до тие лични податоци. Посебен проблем

претставува што законот не предвидува создавање на регистар на посебните технички уреди и опрема, што практично ќе го оневозможи ефективниот надзор, бидејќи надзорните органи нема да знаат кои се сите технички уреди и опрема кои и стојат на располагање на Агенцијата во оваа сфера. Со самото тоа што предлог актот дефинира дека овластените лица не смеат да бришат податоци од опремата, имплицира дека опремата има таква можност, што создава дополнителен ризик за злоупотреба и оневозможување на надзорот. Законот за следење на комуникациите предвиди опремата да се чува во Јавното обвинителство, а службите да ја користат само кога е потребно. Доколку опремата е стационирана во Агенцијата, се доведува во прашање можноста за ефективна контрола и надзор над нејзината употреба. Од друга страна, Законот за следење на комуникациите не предвиди создавање на регистар на лица и предмети на комуникација кои се следени со примена на оваа мерка (туку само регистар кога опремата е изнесена од просториите на Јавното обвинителство), а истиот недостаток сега се јавува и во овој предложен акт.

**Предлог**: Да се воведе регистар на посебните технички уреди, опрема и **софтвер** со кои располага Агенцијата за остварување на оваа мерка, и тој да биде достапен за надзорните и контролните тела. Како што предвидува законот за следење на комуникациите, оваа опрема да не се чува во Агенцијата, за да има барем уште една институција која ќе биде директно вклучена во процесот на користење на опремата. Да се воспостави регистар на лица и предмети на комуникација кои се следени со примена на оваа мерка. Да се дефинираат услови кои треба да бидат исполнети за да се примени оваа мерка, наместо мерката со која се следат комуникациите со посредство на ОТА (пр. изготвена безбедносна проценка, изготвена проценка за влијанието врз приватноста и образложение зошто целите заради која се користи мерката не можат да се остварат со посредство на ОТА). Личните податоци стекнати на овој начин да можат да се користат само за намената за која е одобрен пристапот до нив, а законот да предвиди оперативно технички мерки за нивна заштита.

8. Предвидено е барањето за издавање на судска наредба да содржи и образложение на причините и потребата поради кои се предлага спроведување на мерката, без притоа да се дефинира точната содржина и опсег на образложението, кое, со оглед на сериозноста на делата за кои може да се нареди спроведување на мерки за тајно собирање на податоци и информации, задолжително треба да содржи темелна безбедносна проценка.

   **Предлог**: Задолжително да се врши безбедносна проценка пред да се одлучи дали треба да се побара спроведување на мерки за тајно собирање на податоци и информации, и истата да биде дел од барањето кое јавниот обвинител ќе го достави до судија на Врховен суд.

9. Предвидениот рок од 24 часа за судска одлука за спроведување на мерки за тајно собирање на податоци и информации може да биде прекраток за да овозможи сериозно разгледување на барањето, посебно во случи кои вклучуваат мноштво

лица. Дополнително, правото на жалба во постапката е еднострано, односноважи само ако барањето не се одобри. „Правото на жалба“ на одлуката на судијата по барањето за издавање судска наредба да не е достапно само во случаите кога нема да биде прифатено барањето на јавниот обвинител, туку да биде применливо и за заштита на правата и интересите на лицата чии комуникации се предлага да се следат. Фактот што досега судиите не отфрлиле ниту едно барање за следење на комуникациите, остава простор за сомнеж дека можеби и ваквото еднострано „право на жалба“ создава притисок кај судиите да ги одобруваат сите барања.

**Предлог**: Да се преформулира рокот дефиниран во овој член за да гласи „веднаш, но не подоцна од 72 часа од поднесувањето на барањето.“ Да се овозможи на соодветен ентитет, на пример Дирекцијата за заштита на личните податоци или Народниот правобранител, да учествува во постапката на издавање судска наредба, и да има можност пред друга инстанца да ја оспори основаноста на евентуално издадена судска наредба.

10. Во текстот на предлог актот не е утврдена содржината на извештајот кој треба да се доставува до Јавниот обвинител, што создава ризик дека нема да ги добие сите потребни информации за да ја извршува својата улога.

    **Предлози**: Во насока на градење отчетност и транспарентност во работењето, законски да се утврдат сите информации кои треба да ги содржи извештајот, вклучително и податоци за колку лица и предмети на комуникација е овозможен пристап, статистика колку барања за издавање судска наредба биле поднесени, колку одбиени или преиначени, статистика за евентуално преземени дисциплински мерки против лица вработени во Агенцијата поврзано со пропусти или злоупотреби при спроведување на мерки за тајно собирање на податоци, статистика за тоа колкави биле трошоците на државата и други релевантни информации. Покрај извештајот до Јавното обвинителство, да се предвиди обврска да се објавува годишен извештај за јавноста со истите податоци, но претставени во лесно разбирлива форма за граѓаните, како мерка за градење на јавната доверба во работата на Агенцијата.

11. Потребно е да се вградат одредби за безбедност на собраните податоци како и за нивно уништување во случаите кога веќе не се потребни заради целта за која биле собирани. Загрижувачки е што предложениот закон не ги предвидува низата безбедносни мерки од Директивата 2016/680 за заштита на податоци во полицијата и кривичното право.

    **Предлог**: Во предложениот акт да се пропишат многу подетални технички и организациски мерки за безбедност при обработката на податоци согласно предвиденото со Директивата 2016/680 за заштита на податоци во полицијата и кривичното право. Меѓу другото, да се воведе принципот на минимизирање на податоците при следењето на комуникациите. Да се обезбеди дека при уништување

на податоците ќе бидат уништени оригиналниот запис и сите копии во сите вклучени институции и ентитети. Уништувањето на податоците да се врши комисиски, со претставници на јавното обвинителство, Дирекцијата за заштита на личните податоци и Народниот правобранител.

12. Одредбите поврзани со контрола и надзор се рудиментарни и не соодветствуваат со моќта со која ќе располага Агенцијата.

    **Предлог**: Да се воведат многу подетални одредби за надзор и контрола. Надзорните и контролните тела да ја следат законитоста и **ефективноста** на работата на Агенцијата, во сите фази: изборот на мерки, собирањето податоци, но и при нивната анализа и постапување по нив. Законски да се уредат податоците кои АВР ќе биде задолжена да ги достави на барање на надзорното тело, а да се дефинираат и надлежностите и правата на секое од надзорните контролни тела. Дополнително, а имајќи ги предвид сознанијата за злоупотреби на моќта на УБК и другите безбедносни служби кои периодично протекуваат во јавноста од осамостојувањето на Република Македонија, да се предвидат и посебни мерки за транспарентност пред јавноста со кои Агенцијата полека би почнала да ја гради јавната доверба.

13. Предложениот акт не содржи експлицитни одредби со кои ќе се обезбеди дека вработените во УБК кои биле вклучени во злоупотреба на овластувањата и опремата во минатото, нема да бидат преземени во Агенцијата.

    **Предлог**: Да се вградат одредби со кои на јавноста ќе и се гарантира дека функционирањето на Агенцијата нема да биде обременето со лицата кои во минатото биле вклучен во злоупотреба на овластувањата и опремата.

Со почит,

Александар Николов

Извршен директор-